OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 19 октомври 2015

## ПРОМОТИВНИ УСЛОВИ НА КРЕДИТИТЕ ЗА НАСЕЛЕНИЕ ДО КРАЈОТ НА ЈАНУАРИ

**Охридска банка воведе промотивни каматни стапки кај кредитите за население, со едноставен концепт на осигурување.**

Охридска банка, групација Сосиете Женерал одобрува кредити со кредитно животно осигурување, со намалени промотивни каматни стапки*:

- **Станбен кредит** – каматна стапка од 4,75%, фиксна за првите **пет години**;
- **Хипотекарен кредит** – каматна стапка од 6,00%, фиксна за првите **три години**;
- **Кеш експрес кредит** – каматна стапка од 5,90%, фиксна за **првата година**;
- **Компакт кредит за рефинансирање** – каматна стапка од 6,00%, фиксна за првите **две години**.

Клиентите што аплицираат за станбен и хипотекарен кредит со кредитно животно осигурување имаат можност да изберат помеѓу **основниот пакет** на осигурување, со кој за 0,44% осигурителна премија, се покрива ризикот од смрт како резултат на несреќа и **целосниот пакет** за кредитно животно осигурување, со кој за 0,85% годишна осигурителна премија, се покрива ризикот од смрт како резултат на несреќа и на болест, како и ризикот од трајна и целосна загуба на способноста како резултат на несреќа. Целосниот пакет, покрај апликантите за станбен и хипотекарен кредит, е достапен за сите други кредитокорисници.

Административните трошоци за станбен, кеш експрес и компакт кредит изнесуваат 0%**.

Промотивните услови важат за сите нови апликации за кредит до **31 јануари 2016 година**.

Со единствената понуда на пазарот со која клиентите имаат на располагање БАНКА ПЛУС ОСИГУРУВАЊЕ, достапна на исто место и во исто време, Охридска банка дополнително го потенцира принципот на одговорно кредитирање и искрено советување во интерес на клиентите.

За подетални информации во врска со промотивната понуда, клиентите можат да ги посетат експозитурите на Банката и веб-страницата www.ohridskabanka.mk.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

* Каматната стапка за станбен кредит со кредитно животно осигурување е фиксна за првите 5 години, а СВТ изнесува од 5,32%. По изминување на првите пет години, каматната стапка е променлива по одлука на Банката. Во моментов, каматната стапка по 5-тата година изнесува од 5,95%, а СВТ изнесува од 6,59%.
Каматната стапка за хипотекарен кредит со девизна клаузула е фиксна за првите 3 години, а СВТ изнесува од 6,81% По изминување на првите три години, каматната стапка е променлива, по одлука на Банката и во моментов изнесува од 6,85%, а СВТ изнесува од 7,55%.
СВТ за првата година изнесува од 6,97%, а за останатиот период од 9,72%, пресметано на 1.10.2015 г. за кеш кредит со кредитно животно осигурување со највисок износ од 900.000 МКД и со најдолг рок на отплата од 96 месеци. Трошоци: за меница – 500 МКД, за апликација – 200 МКД, за одржување трансакциска сметка – 20 МКД месечно, осигурителна премија 0,85% годишно од износот на кредитот. Месечната рата за првата година изнесува 12.160 МКД, а за останатиот период 13.195 МКД. Вкупниот износ што го плаќа потрошувачот изнесува 1.255.023 МКД. Каматната стапка е фиксна за првата година и изнесува од 5,90%. Во останатиот период е променлива по одлука на Банката, а моментално изнесува од 8,45%.
СВТ за првите две години изнесува од 7,08%, а за останатиот период од 9,55%, пресметано на 16.10.2015 г. за компакт кредит со кредитно животно осигурување со највисок износ од 900.000 МКД и со најдолг рок на отплата од 96 месеци. Трошоци: за меница – 500 МКД, за апликација – 200 МКД, за одржување трансакциска сметка – 20 МКД месечно, осигурителна премија 0,85% годишно од износот на кредитот. Месечната рата за првите две години изнесува 12.205 МКД, а за останатиот период 13.014 МКД. Вкупниот износ што го плаќа потрошувачот изнесува 1.230.634 МКД. Каматната стапка е фиксна за првите две години и изнесува од 6,00%. Во останатиот период е променлива по одлука на Банката, а моментално изнесува од 8,30%.

**Каматните стапки и административниот трошок се различни за различни групи клиенти. За повеќе информации, обратете се до експозитурите на Охридска банка. Информациите во врска со покриените ризици за кредитно животно осигурување се содржани во Општите услови на Мастер-полисата 0001. Условите се валидни од 19.10.2015 г. до 31.1.2016 г.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ**
**И КОМУНИКАЦИИ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА

+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013